АГЕНЦИЈА ЗА ПОШТИ
Бр. 13-200/2
15.09. 2020 год.
СКОПЈЕ

АГЕНЦИЈА ЗА ПОШТИ СКОПЈЕ

**Агенција за пошти**
Кеј „13 Ноември "
ГТЦ втори кат, секција 6, локал 116
П. ФАХ 160 1000 Скопје

http://www.ap.mk
e-mail: info@ap.mk
тел/факс 02 3 212 107

ДО: ЦЕНТАР ЗА ЕКОНОМСКИ АНАЛИЗИ
Бул. Јане Сандански 63/3
1 000 Скопје

ПРЕДМЕТ: Одговор на барање за пристап до информации од јавен карактер, доставува –

ВРСКА: Ваше Барање за пристап до информации од јавен карактер бр. 200/1 од 11.09.2020 година

***Почитувани,***

Во врска со Вашето горенаведено барање за пристап до информации од јавен карактер, Агенцијата за пошти Ве информира за следново:

Агенцијата за пошти е независно регулаторно тело во поштенскиот сектор, основана како самостојно и непрофитно правно лице, кое врши јавни овластувања утврдени со Законот за поштенските услуги[1]. Согласно член 23 од Законот за поштенските услуги, Агенцијата за пошти своето работење го финансира од средствата остварени од приходите од надоместоците предвидени со овој закон (надоместоци од давателите на поштенските услуги), како и од донации, заеми и друга финансиска и техничка помош.

Оттука, сакаме да укажеме дека **Агенцијата за пошти не е буџетски корисник, ниту единка буџетски корисник**.

Поради фактот што Вашите прашања се упатени на буџетски корисници од прв ред, истите не се однесуваат директно на Агенцијата за пошти. И покрај тоа, во продолжение, имајќи го во предвид транспарентното работење на Агенцијата за пошти, Ви даваме одговор на прашањата кои се од Ваш интерес:

[1] („Службен весник на Република Македонија" бр. 158/2010, 27/2014, 42/2014, 187/2014, 146/2015, 31/2016, 190/2016, 64/2018, 248/2018,бр.27/2019 и "Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 275/2019 и 107/2020)

АГЕНЦИЈА ЗА ПОШТИ СКОПЈЕ

1) Агенцијата за пошти не барала и не користела од постојаната или тековната буџетска резерва, ниту пак е правена прераспределба на истата за потребите на Агенцијата.
2) Агенцијата за пошти нема спроведено јавни набавки кои се надвор од „вообичаените“ постапки за јавни набавки како резултат на пандемијата со КОВИД 19. Сите набавки се реализирани согласно Планот за јавни набавки и Финансискиот план за 2020 година на Агенцијата.
3) Агенцијата за пошти нема користено било какви механизми за распределба и трошење на буџетски средства во услови на вонредни и непредвидени ситуации како резултат на пандемијата со КОВИД 19. Сите тековни потреби за набавка на средства и услуги за потребите на мерките за заштита од Ковид 19, Агенцијата ги реализираше во рамките на сопствениот буџет и Финансискиот план за 2020 година, одобрен од страна на Собранието на Република Северна Македонија во Јануари 2020 година.

За сите дополнителни информации, Агенцијата за пошти ја изразува својата целосна подготвеност за соработка за области од наша надлежност.

***Со почит,***

АГЕНЦИЈА ЗА ПОШТИ
Директорка
Билјана Аврамоска Ѓореска

доставено до:
- Центар за економски анализи - по електронска пошта (копија бр.1)
- Агенција за пошти (копија бр.2)